ТТК БАНКА АД Скопје Бр.1
Бр. 02-9370/2
27-11-2025

# Д Е Л О В Н И К  З А  Р А Б О Т А
# НА ОДБОРОТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ
# ВО ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ

Скопје, ноември 2025 година

Врз основа на член 57 став 9 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, а во согласност со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка (Сл. весник на РМ бр. 24/2018, 113/2019 и 27/2025) и Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешувањето на членовите на Надзрниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор Одборот за именување во ТТК Банка АД Скопје на ден 27.11.2025 година го донесе следниот:

# ДЕЛОВНИК
## за работа на Одборот за именување во ТТК Банка АД Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник се уредува начинот на работа и одлучување на Одборот за именување (во натамошниот текст: Одборот), правата и обврските на Претседателот и членовите на Одборот, како и начинот на вршење стручни и административни работи поврзани со работата на Одборот.

**Член 2**

Одредбите од овој Деловник се задолжителни за членовите на Одборот за именување, како и за другите лица кои учествуваат во работата на седниците на Одборот.

**Член 3**

За правилно применување на одредбите на овој Деловник се грижи Претседателот на Одборот за именување во ТТК Банка АД Скопје.

## II. СОСТАВ И МАНДАТ НА ОДБОРОТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ

**Член 4**

Одборот се состои од 3 (три) членови од редот на членовите на Надзорниот одбор, кои се назначуваат и разрешуваат со Одлука која ја донесува Надзорниот одбор на Банката, каде еден член се назначува за Претседател на Одборот.

Во Одборот задолжително членува најмалку еден независен член на Надзорниот одбор на Банката.

**Член 5**

Мандатот на членовите на Одборот трае согласно мандатот утврден со Решението на Народна Банка на РСМ за издавање на претходна согласност за именување на член на Надзорен одбор на банката.

## III. НАДЛЕЖНОСТИ НА ОДБОРОТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ

**Член 6**

Одборот има советодавна улога и му помага на Надзорниот одбор при спроведување на неговата надлежност поврзана со воспоставувањето и спроведувањето на Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор.

Одборот разгледува прашања во врска со изборот на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Управниот одбор и на лицето надлежно за функцијата на контрола внатрешна ревизија и доставува соодветни предлози до Надзорниот одбор во форма на предлог-одлуки.

**Член 7**

Одборот пред изборот на членовите наведени во претходниот став врши испитување на исполнувањето на критериумите за именување на членови на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор, како и на лицето надлежно за функцијата на контрола внатрешна ревизија.

**Член 8**

Одборот пред секое именување на член на Надзорниот одбор и Управниот одбор на Банката врши оцена за соодветност на предложениот кандидат во која вклучува поединечна оцена на соодветност на предложениот кандидат, и оцена на соодветност на предложениот член заедно со останатите членови на органот во кој се именува.

**Член 9**

Одборот врши оцена на соодветност и при повторно именување на членови на Надзорниот одбор и Управниот одбор, како и еднаш годишно согласно законските прописи.

**Член 10**

Предлог – одлуките и предлог – оцените за соодветност на членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор на Банката се доставуват до Надзорниот одбор на разгледување и усвојување од страна на Надзорниот одбор.

## IV. НАЧИН НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ НА ОДБОРОТ

**Член 11**

Одборот работи на седници, и се состанува по потреба.

Седниците на Одборот ги свикува и со нив раководи Претседателот на Одборот.

Секој член на Одборот со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од Претседателот на Одборот да свика седница на Одборот.

Седница на Одборот се свикува и по барање на Надзорниот одбор или Управниот одбор на Банката.

**Член 12**

Свикувањето на седниците на Одборот се врши со писмена покана во електронска форма испратена по електронска пошта, која се доставува до членовите на Одборот заедно со предлог – материјалите за седницата, најдоцна три дена пред одржување на седницата.

Во поканата се наведува денот, часот и местото на одржување на седницата со предлог на дневниот ред.

По исклучок, во итни случаи, поканата за свикување на седница може да се соопшти и преку телефон, а предлог-материјали за седницата да се доставaт и на денот на одржување на седницата или на самата седница.

Претседателот на Одборот може по потреба да повика и други надлежни стручни лица од Банката да присуствуваат на седницата на Одборот.

**Член 13**

Седницата на Одборот ја отвора и со неа раководи Претседателот на Одборот.

По отворањето на седницата, Претседателот на Одборот утврдува дали постои кворум за одржување на седницата и за полноважно одлучување на истата.

**Член 14**

Одборот полноважно расправа и одлучува ако на седницата се присутни мнозинство од вкупниот број на негови членови.

Одборот предлог одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови,

**Член 15**

Членот на Одборот може да гласа "ЗА" предлогот и "ПРОТИВ" предлогот што се констатира и записнички.

Членот на Одборот има право да побара во записникот да се внесе и причината зошто гласал "ЗА" односно "ПРОТИВ" предлогот.

**Член 16**

Членовите на Одборот можат да учествуваат и одлучуваат на седница организирана со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите членови кои учествуваат на така организираната седница да можат да се слушаат и да разговараат еден со друг.

Учеството на седницата се запишува во записник кој го потпишуваат и членовите што учествувале на седницата организирана на начин од став 1 од овој член.

**Член 17**

Одборот може да одлучува и без одржување на седница, ако членовите на Одборот дадат писмена согласност на предлог одлуката која се донесува.

Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.

Предлог одлуките донесени со писмена согласност на Одборот влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од страна на неговите членови.

За одлуките кои се донесени со писмена согласност на членовите на Одборот се изготвува записник во кој истите се евидентираат.

Записникот го потпишуваат сите членови на Одборот.

**Член 18**

Членовите на Одборот ја напуштаат седницата и не учествуваат во донесување на предлог одлуки доколку е доведена во прашање нивната објективност, заради постоење на судир на интереси.

Во случај на постоење на судир на интереси, членовите на Одборот, пред одржување на седницата, даваат писмена изјава до Надзорниот одбор на Банката, во која се наведува основот од кој произлегува судирот помеѓу нивниот личен интерес и интересот на Банката.

Секое изземање од разгледување и одлучување по одреден материјал од дневниот ред се констатира во записникот од седницата на Одборот.

**Член 19**

Во подготовката, организацијата и свикување на седницата на Одборот, на претседателот на одборот му помагаат вработените во Службата за секретаријат .

За секоја одржана седница на Одборот, вработен во Службата за секретаријат подготвува записник. Записникот се усвојува на првата наредна седница на Одборот.

Во записникот се внесуваат податоци за времето и местото на одржување на седницата, имињата на присустните и отсутните членови на Одборот, другите присутни на седницата, предложениот и усвоениот дневен ред на седницата, учесниците во расправата-дискусијата, кратка содржина на воведното излагање и предлозите на учесниците во расправата-дискусијата, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале “за” и “против” по однос на предлог одлуките донесени на седницата, како и издвоените мислења, а по барање на член на Одборот и причините зошто гласал “ЗА” односно “ПРОТИВ” по однос на предлогот.

**Член 20**

Записникот го потпишуваат сите членови на Одборот кои присуствувале на седницата.

Донесените предлог одлуки ги потпишува претседателот на Одборот,а во негово отсуство членот на Одборот кој е именуван како независен член на Надзорниот одбор и истите претставуваат составен дел на записникот.

**Член 21**

Доколку Претседателот на Одборот од било кои причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсустен, надлежностите околу свикување и раководење со седниците ги врши членот на Одборот кој е именуван како независен член на Надзорниот одбор.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по негово одобрување од страна на Надзорниот одбор на Банката.

Со донесување на овој Деловник престанува да важи Деловникот за работа на Одборот за наградување во ТТК Банка АД Скопје бр. 02-10316/2 од 28.12.2022 година

**Одбор за именување**
**Претседател**
**Бобан Тоговски**

---------------------------------------------------------------------